РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Бр. 19-3410/8
22.11 2018 год.
КРИВА ПАЛАНКА

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
КОМУНАЛНИ УСЛУГИ
"КОМУНАЛЕЦ" ц.о.
Бр. 02-1018/2
22.11.2018 год
КРИВА ПАЛАНКА

# Д О Г О В О Р ЗА ЈАВНА НАБАВКА НА УСЛУГИ

**по спроведена БПП-О бр.24/2018**

склучен на ден **_.11.2018 г**. помеѓу следните

**I. ДОГОВОРНИ СТРАНИ**

**А) Општина Крива Паланка**
**ул. „ Св.Јоаким Осоговски “ бр.175 Крива Паланка**
застапувана од **Градоначалникот Борјанчо Мицевски**
(во понатамошниот текст **договорен орган**) од една страна , и
**Б) ЈП Комуналец ул.Илинденска бр.17 Крива Паланка** назив, адреса, седиште и држава на економскиот оператор) застапуван од **Миле Марковски** (во понатамошниот текст Носител на набавката – **економски оператор)** од друга страна

**II. ДЕФИНИЦИИ**

**Член 1**

За целите на овој Договор, одделни поими и изрази употребени во овој Договор го имаат следното значење:

1)„Договорен орган“- е субјект дефиниран во член 4 од ЗЈН.
2)„Економски оператор“ – е носител на набавката:домашно или странско правно или физичко лице дефиниран во член 3 став 1 точка 13 од ЗЈН.
3) „Услуги “ се геодетски услуги за потребите на општина Крива Паланка , согласно спецификацијата која е составен дел на тендерската документација.
4) „Договорна цена“ е цената која ја побарува економскиот оператор, согласно понудбената документација - како што е утврдено во овој Договор.
5) „Испорака“ значи извршување на предметот на набавката од страна на економскиот оператор на договорниот орган во времето и на местото предвидено со овој Договор, според потребите на договорниот орган.

**III. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ**

**Член 2**

Предмет на овој Договор е јавна набавка на следните услуги Тековно одржување –услуги на системот за јавно осветлување во Општина Крива Паланка , согласно спецификацијата која е составен дел на тендерската документација на јавната набавка спроведена со БПП-О бр.19-3410/2018 .Како услуги се сметаат следните услуги за потребите на општина Крива Паланка :

| Р.б | Назив на работи | Тип | Единечна мерка | Количина | Начин на Набавка | Един. цена без ДДВ | Един.цена со ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 1. | Поставување на комплет светилка на дрвен (метален, бетонски) електричен столб | Од било кој тип и било која висина | број | 1 | По потреба | 400 | 472 |
| 2. | Демонтажа, поправка и монтажа на комплет светилка на дрвен (метален или бетонски) столб | Од било кој тип | број | 1 | По потреба | 400 | 472 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 3. | Поставување/замена на сијалица од било кој тип на лице место | Од било кој тип со Е27 | број | 1 | По потреба | 250 | 295 |
| 4. | Поставување/замена на резервни делови на светилка (поклопец, заштитно стакло, дихтон, заштитно сенило...) на лице место | Од било кој тип | број | 1 | По потреба | 250 | 295 |
| 5. | Поставување/замена на стартер (запалка) за натриумова сијалица | Од било кој тип | број | 1 | По потреба | 120 | 141.6 |
| 6. | Поставување/замена на форел | Од било кој тип | број | 1 | По потреба | 120 | 141.6 |
| 7. | Поставување/замена на контактор | Од било кој тип | број | 1 | По потреба | 120 | 141.6 |
| 8. | Поставување/замена на изолиран проводник на електричен столб (метар должен) | СКС – 2х16<br>СКС 1х16 | м1 | 1 | По потреба | 60 | 70.8 |
| 9. | Поставување на затезна стегалка за изолиран спроводник СКС-2х16 | | број | 1 | По потреба | 150 | 177 |
| 10. | Поставување/замена на изолиран проводник (метар должен) | PGP1X1,5 ; PVC1X2,5 ; PGP3X1,5 ; P/F 1X6; PP005X2, 5; PPOO3X2 ,5; P/L 2X0,75; PGP2X1,5 ; PP004X2, 5 | м1 | 1 | По потреба | 60 | 70.8 |
| 11. | Притегање на приклучен изолиран проводник на напон од светилка | На било кој тип | број | 1 | По потреба | 120 | 141.6 |
| 12. | Поставување/замена на автоматски осигурувач или патрон во осигурач на метален столб | 10А и 16А и 20А | број | 1 | По потреба | 80 | 94.4 |
| 13. | Поставување на постоље за ножести осигурувач – 63А | Од било кој тип | број | 1 | По потреба | 80 | 94.4 |
| 14. | Поставување/замена на ножести осигурувач во ормар за јавно осветлување | 63А, 80А | број | 1 | По потреба | 120 | 141.6 |
| 15. | Ископ на дупка за поставување на електричен столб (од метар) | За било кој тип | број | 1 | По потреба | 200 | 236 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 16. | Поставување на армирано бетонски електричен столб | Носив од 8-10 м | број | 1 | По потреба | 2000 | 2360 |
| 17. | Поставување и нивелирање на дрвен електричен столб | Носив од 8 м | број | 1 | По потреба | 2000 | 2360 |
| 18. | Поставување на бетонска ногара на дрвен столб | РП-1 | број | 1 | По потреба | 2000 | 2360 |
| 19. | Поставување на бетонски фундамент за електричен столб | За било кој тип | број | 1 | По потреба | 2000 | 2360 |
| 20. | Поставување на метален обрач на дрвен или бетонски столб за монтажа на воздушен вод | Ф140 до Ф170 | број | 1 | По потреба | 150 | 177 |
| 21. | Поставување на анкер на електричен столб | | број | 1 | По потреба | 550 | 649 |
| 22. | Поставување на пластична топка<br><br>Ф 300 и Ф 400 на светилка | | број | 1 | По потреба | 450 | 531 |
| 23. | Поставување држач на светилка за пластична топка | | број | 1 | По потреба | 120 | 141.6 |
| 24. | Подготовка, монтажа и инсталација на метален ормар за јавно осветлување | ОГ-500x500 x200 | број | 1 | По потреба | 1100 | 1298 |
| 25 | Преместување на комплет светилка од еден на друг столб | Од било кој тип | број | 1 | По потреба | 600 | 708 |
| 26 | Поставување на лента за предупредување (метар должен) | Црвена боја, внимание - електричен напон | м1 | 1 | По потреба | 6 | 7.08 |
| 27. | Поставување на поцинкована лента за заземјување (метар должен) | Fe/Zn 25 x 4 | м1 | 1 | По потреба | 50 | 59 |
| 28. | Контрола на линија за јавно осветлување, пронаоѓање и отклонување на дефект | | Ефективен час | 1 | По потреба | 360 | 424.8 |
| 29. | Користење на теренско возило (од поминат километар) | | км | 1 | По потреба | 50 | 59 |
| 30. | Поставување на пластично црево за изработка на подземна инсталација | Ф 25, ф50 | м1 | 1 | По потреба | 10 | 11.8 |
| 31. | Ископ на канал за поставување на<br><br>подземен електричен кабел со потрупување – (метар должен) | Ширина 40см.и длабочина 80 см. | М1 | 1 | По потреба | 70 | 82.6 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 32. | Ископ на дупка за поставување на бентонски фундамент со анкер шрафови М16 х 400 | 500 x 400 x 800 | број | 1 | По потреба | 550 | 649 |

## IV. ЈАЗИК НА ДОГОВОРОТ

**Член 3**

Јазик на договорот и на другите документи кои претставуваат составен дел на Договорот е Македонскиот јазик.

## V. КОЛИЧИНА НА СТОКИТЕ

**Член 4**

Услугите од член 2 кои се предмет на овој договор ќе бидат испорачувани сукцесивно во количина според барањата на договорниот орган , во моментот кога ќе се пројават потребите на Оделление за комунална инфраструктура во општина Крива Паланка, а согласно спецификацијата која е составен дел на тендерската документација и согласно понудбената документација на јавната набавка БПП-О бр.24/2018.

## VI. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 5**

Вкупната цена на услугата ќе се пресметува според фактура , за секој месец поединечно од периодот за кој е склучен договорот, .Вкупната вредност на договорот изнесува 1.100.000,00 без ДДВ или 1.298.000,00 денари со ДДВ .

## VII. ДИНАМИКА И НАЧИН НА ИСПОРАКА НА ПРЕДМЕТОТ НА НАБАВКАТА

**Член 6**

Економскиот оператор е должен испораката на услугите да ја врши по склучување на овој Договор , според барањата на Договорниот орган.

Испораката на услугите ќе се врши по барање на овластено лице на Договорниот орган : Раководителот на Оделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура , во општина Крива Паланка , со поднесувањето на барањето во писмена форма во рок од 1 ден од денот на доставување на барањето потпишано од Раководителот на Одделението за изградба и одржување на комунална инфраструктура . Во итни случаи можно е и барање по усмен пат или по телефакс или телефон, кое подоцна ќе биде поткрепено со писмено барање.

Испораката на услугите се смета за извршена со предавањето на соодветен акт на Економскиот оператор на овластеното лице на Договорниот орган и доставување на испратница заверена од страна на Договорниот орган и Економскиот оператор.

## VIII. НАЧИН, УСЛОВИ И РОКОВИ НА ПЛАЌАЊЕ

**Член 7**

Договорниот орган се обврзува плаќањето на добавувачот да го врши **во рок од 90 (деведесет ) дена** , од денот на испорачување на услугите и доставување на испратница и фактура .

Фактурата ќе биде потпишана од овластеното лице на Договорниот орган Раководителот на Оделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура за и овластеното лице на Економскиот оператор.

**Член 8** Плаќањето ќе биде по доставена фактура за видот и количината потпишан од Раководителот на Оделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура

Плаќањето ќе биде извршено од Буџетот на Општина Крива Паланка.

## IX. КВАНТИТАТИВНА И КВАЛИТАТИВНА КОНТРОЛА

**Член 9**

Квалитативен и квантитативен прием на услугите од член 2 од овој договор врши Договорниот орган преку овластеното лице: Раководителот на Оделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура во општина Крива Паланка , со документ (испратница) потпишана од двете договорни страни.

Во текот на примопредавањето се утврдува квалитетот и квантитетот на испорачаните услуги.

**Член 10**

Договорниот орган може да изврши дополнителна контрола на услугите , со спроведување на дополнителни независни испитувања и контроли кај овластена институција .

Трошоците за дополнителни независни испитувања и контроли , доколку услугите не се извршени коректно и правилно , ќе паднат на товар на Економскиот оператор.

## X. ОДГОВОРНОСТ ЗА МАТЕРИЈАЛНИТЕ НЕДОСТАТОЦИ

**Член 11**

Материјален недостаток постои:

- ако услугите ги немаат потребните својства за нивна редовна употреба или за промет;
- ако услугите ги немаат потребните својства за употреба за која ја набавува Договорниот орган, а која му била позната на Економскиот оператор или морала да му биде позната,
- ако услугите ги немаат потребните својства и одликите што се изречено договорени, односно пропишани со позитивните прописи на РМ, и
- кога Економскиот оператор предал акти кои не се соодветни на барањата на Договорниот орган.

**Член 12**

Договорниот орган е должен примените услуги, односно изготвените акти , на вообичаен начин да ги прегледа или да ги даде на преглед, штом тоа според редовниот тек на работите е можно и за видливите недостатоци да го извести Економскиот оператор во рок од осум дена.

Кога прегледот е извршен во присуство на двете страни, Договорниот орган е должен своите забелешки поради видливите недостатоци да му ги соопшти на Економскиот оператор веднаш, инаку го губи правото што му припаѓа врз таа основа.

**Член 13**

Кога по приемот на услугите, односно изготвените акти од страна на Договорниот орган ќе се покаже дека услугите, односно изготвените акти има некој недостаток што не можел да се открие со вообичаениот преглед при преземањето (скриен недостаток), Договорниот орган е должен, за тој недостаток да го извести Економскиот оператор во рок од осум дена, сметајќи од денот кога го открил недостатокот.

Економскиот оператор е должен тој скриен недостаток да го отстрани и за тоа не може да наплати повторно надоместок.

## XI. РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ

**Член 14**

Сите евентуални спорови и недоразбирања кои би произлегле од овој Договор, договорните страни ќе ги решаваат во духот на добрите деловни обичаи со меѓусебно договарање.

Доколку тоа не даде резултат во рок од 10 (десет) дена , евентуалниот спор ќе го решава надлежниот основен суд .

## XIII. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 15**

Овој договор е склучен со времетраење од 1 (една) година , односно дванаесет месеци – сметајќи од денот на склучувањето на договорот или до искористување на сумата од договорот.

## XII.РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 16**

Кога една од договорните страни нема даја исполни својата обврска другата договорна страна може да бара исполнување на обврската или да го раскине договорот.

Договорната страна која поради неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот должна е тоа да го соопшти на другата договорна страна без одлагање, по писмен пат.

## XIII. ПРИМЕНЛИВ ЗАКОН

**Член 17**

За се што не е регулирано со овој договор ќе се применуваат одредбите од Законот за облигациони односи и позитивните законски прописи во Република Македонија.

## XIV. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 18**

Измени и дополни на Договорот можат да се вршат со заедничка согласност на договорните страни по писмен пат.

Договорот може да се менува со Анекс – Договор само во согласност со одредбите на Законот за јавни набавки и тендерската документација.

**Член 19**

Овој Договор е склучен во 6 (шест) истоветни примероци од кои по 4 (четири) за Договорниот орган и 2 (два) за Економскиот оператор.

***ДОГОВОРЕН ОРГАН***

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**

**Градоначалник**
**Борјанчо Мицевски**

***ЕКОНОМСКИ ОПЕРАТОР***

**ЈП Комуналец**

**Управител**
**Миле Марковски**

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА КОМУНАЛНИ УСЛУГИ „КОМУНАЛЕЦ" Ц.О. 1 КР. ПАЛАНКА